РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-5286/2

17-11-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот --------------------- на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата доставена од подносителот -------------- до ДКСК, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5280/1 од 19.11.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-5280/1 од 19.11.2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-528/1 од 19.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за неправилности во постапувањето на ЕВН Скопје и Регулаторната комисија за енергетика во врска со промена на корисник на мерно место-електрично броило што се води во ЕВН Македонија-Скопје. Имено, подносителот на пријавата, ----------------- станала сосопственик на идеален дел од 4/10 на недвижен имот, заведен со имотен лист бр. 75919 за КО Гостивар 1, кој го стекнал во време на брачен живот со поранешниот брачен другар -----------------, врз основа на Пресуда на Основен суд Гостивар под П3 бр. 1/17 од 15.05.2018 и Пресуда на Апелациониот суд Гостивар под ГЖ бр. 1130/18 од 24.04.2019 година. По добивање на пресудите било поднесено барање до Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности Гостивар за пренесување на правото на сопственост и на име на подносителот. Со промена на носителот на правото на сопственост, новиот сопственик ја известил ЕВН Македонија-Скопје и приложил како доказ, имотен лист на новите сопственици на имотот. Како резултат на тоа, ЕВН Македонија – Скопје извршила промена на корисникот на броилото на име ---------------- од Гостивар. Подоцна, во месец јуни 2019 година од страна на другиот сосопственик на недвижниот имот, поранешниот брачен другар, било поднесено барање за промена на корисничкото право врз истото броило, така што од ЕВН Македонија- Скопје било

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапено по тоа барање и повторно била извршена измена на корисник на електричното броило, а воедно и било исклучено броилото од електричната мрежа на ЕВН Македонија –Скопје по негово барање. Како резултат на промената на корисникот и исклучување на броилото од електричната мрежа, подносителот на пријавата останал без снабдување со електрична енергија на катот каде што живее со своите најблиски. Поради тоа подносителот на пријавата доставил Поднесок до ЕВН Македонија–Скопје на 02.09.2019 година со кој побарал враќање на корисник, наведувајќи дека ЕВН Македонија –Скопје во конкретниот случај со враќање на поранешната состојба со корисникот на мерното место постапила спротивно на Законот за енергетика и членот 20 од Правилата за снабдување со електрична енергија донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Р.Северна Македонија. Од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Р.Северна Македонија бил доставен одговор до подносителот на пријавата во кој се наведува дека потребно е да се поднесе Барање за промена на корисник и нотарски заверена согласност од сопствениците во која е наведено дека се согласува едниот сопственик да биде евидентиран како корисник на мерно место.

По разгледување на наводите во пријавата и приложената документација кон истата, ДКСК констатира дека наводите во пријавата укажуваат на состојби кои се случуваат во рамките на постапката за внесување во системот на корисници на мерни места што се води во ЕВН Македонија -Скопје. Наводите во пријавата не упатуваат на постоење елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба. Со оглед на тоа, ДКСК заклучи дека нема основи за нејзино надлежно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил : м-р В.Г, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**